•Ризик од посттрансфузиски Хепатитис Б тип кај болни трансфундирани со HBsAg негативна крв

•Камчев Н., Дејанов И., Витларова Ј., Камчева М., Иванова Л.

•РЕ Трансфузиологија, Медицински центар-Штип Р. Македонија

ЦЕЛ

Реално да се утврди инциденцијата на посттрансфуизиската појава на Хепатитис Б тип, преку детекција на HBsAg во крвта на болни примателина цела крв, еритроцитни концентрати и свежа изогрупна плазма.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Во период од 1993-1999 година во РЕ трансфузиологија во Штип тестирани се вкупно 1250 примателина трансфузија на крв, од кои 150 болни примија цела крв, 800 примија еритроцитни концентрати во адитивен раствор и 300 болни примија свежа изогрупна плазма. За детекција на HBsAg во серумските примероци на примателите на цела крв, еритроцитни концентрати и свежа изогрупна плазма е користен микроелиса тест Hepanostica HBsAg Uni-FORM II од фирмата Organon teknika, United Biomedical, Inc.New York-USA.

РЕЗУЛТАТИ

Од 1250 трансфундирани болни тестирани за појава на HBsAg беше утврдено присуство на HBsAg само кај 4 болни. Инциденцијата на HBsAg кај болни кои примија HBsAg негативна крв изнесува 0,32%. Инциденцијата на HBsAg кај крводарителската популација изнесува 2,4%.

ЗАКЛУЧОК

Ризикот од појава на PTH-B и по трансфузија на HBsAg негативна цела крв, еритроцитни концентрати и плазма продукти претставува проблем. Потребно е да се изготви посебна национална стратегија за обезбедување сигурна трансфузија на крв.